| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Училишното ѕвонче не вика |
| **Содржина на денот** | Прваче |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Емилија Стојкова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за оддржување на здрави и безбедни навики во домот, градинката и поширокота околина. |
| **Активност** | Со детето разговарајте за неговото поаѓање во училиште. Направете сличности и разлики помеѓу градинката и училиштето. Пр: во училиштето секој ден треба да се пристигнува во исто време за да не се доцни на првиот час. Во училиште нема пладневен одмор како и во градинка. Домашните задачи и обврски се секојдневни и мора да се исполнуваат.<br>Потоа постепено разговарајте за стихотворбата која ќе ја обработувате. На некој начин раскажете му ја стихотворбата на детето. Пр: на 1 Септември почнува учебната година.Тогаш детето треба да биде спремно за првиот училишен ден. Потоа кажете му на детето дека во училиштето има ѕвонче кое ги потсетува учениците кога треба да започне часот или кога завршуваат оморите. Секое дете има свое место на седење во училишната клупа и др.<br>Потоа прочитајте му ја неколку пати стихотворбата на детето. Доколку нешто не му е јасно објаснете му. Можете и преку покажување на слики од секоја строфа да му ја читате стихотворбата, а тоа побрзо ќе ја научи напамет.<br><br>Прваче<br>Први Септември е пред нас,<br>ѕвонче ѕвони на цел глас.<br>Веќе дојде и тој час<br>прваче да сум јас. |

| | |
|---|---|
| | В училишна клупа<br>со другарче ќе седам,<br>успеси безброј<br>јас ќе си редам.<br><br>Книгата ќе биде<br>мој патоказ кон светот.<br>Лесен ќе ми биде<br>со неа летот!<br><br>Доколку детето сака може да каже некој стих напамет. Потоа дадете му на детето лист од блок и нека го нацрта неговото училиште.<br>Во прилог на оваа активност следува песната: „Први Септември“ од фестивалот „Поточиња“2012 година која можете да ја слушате заедно со Вашето дете, а е во склоп на оваа активност.<br>https://youtu.be/FCGQgO_LQxI |